Уп. Бр. 08-82/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **Линамар Корпорејшн**, со седиште на 287 Спидвејл Авенју Вест, Гуелф, Онтарио, Канада, преку адвокат Златко Кујунџиски, од Скопје, на седницата одржана на ден **14.07.2023** година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која **Линамар Корпорејшн**, со седиште на 287 Спидвејл Авенју Вест, Гуелф, Онтарио, Канада, **има намера да стекне контрола** над **Дура Аутомотиве Стрекчерс ДООЕЛ Илинден**, со адреса во ТИРЗ БУНАРЏИК бр.2/11 Бунарџик, Илинден, Република Северна Македонија, на бизнисот односно на организиран дел од работењето на **ДУРА Аутомотиве ЦЗ, к.с**., со деловна адреса на Регрова 495, 388 01 Блатна, Чешка и **Дус Оперэтинг Инц.**, со адреса на 1780 Понд Ран, Обрн Хилс, MI, 48326-2752, САД., иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 13.06.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од **Линамар Корпорејшн**, со седиште на 287 Спидвејл Авенју Вест, Гуелф, Онтарио, Канада**,** со која Линамар Корпорејшн , **има намера да стекне контрола** над **Дура Аутомотиве Стрекчерс ДООЕЛ Илинден**, со адреса во ТИРЗ БУНАРЏИК бр.2/11 Бунарџик, Илинден, Република Северна Македонија, на бизнисот односно на организиран дел од работењето на **ДУРА**

**Аутомотиве ЦЗ, к.с.**, со деловна адреса на Регрова 495, 388 01 Блатна, Чешка и **Дус Оперaтинг Инц.**, со адреса на 1780 Понд Ран, Обрн Хилс, MI, 48326-2752, САД.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Линамар Корпорејшн** е канадски автомобилски снабдувач со седиште во Гуелф, Онтарио, Канада, кој котира на Берзата во Торонто (Toronto Stock Exchange). Линамар, заедно со неговите фирми-ќерки, произведува инженерски производи во Канада, Европа, Азија Пацифик, и остатокот од Северна Америка. Линамар се состои од два оперативни сегменти – Индистриски сегмент и сегмент Мобилност, и двата глобално активни во произведување решенија за високо инженерски производи.

Главниот обем на работа на **Дура Аутомотиве Стрекчерс ДООЕЛ Илинден** се состои во развој, производство, снабдување, дистрибуција, маркетинг и продажба на системи за куќишта за батерии (battery enclosure systems) за електрични возила, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на лесни лежишта за батерии (lightweight battery trays), модуларни куќишта за батерии (modular battery enclosures) и куќишта за батерии од повеќе материјали (multi-material battery enclosures). Дура Аутомотиве Стрекчерс ДООЕЛ Илинден  поседува производствен погон во Република Северна Македонија.

**ДУРА Аутомотиве ЦЗ, к.с** е вклучена во развој, производство, снабдување, дистрибуција, маркетинг и продажба на системи за куќишта за батерии за електрични возила, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на лесни лежишта за батерии, модуларни куќишта за батерии и куќишта за батерии од повеќе материјали. ДУРА Аутомотиве ЦЗ, к.с поседува производствен погон во Чешка.

Деловните активности на **Дус Оператинг Инц** се фокусирани на развој, производство, снабдување, дистрибуција, маркетинг и продажба на системи за батерии за електрични возила, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на лесни лежишта за батерии, модуларни куќишта за батерии и куќишта за батерии од повеќе материјали. Дус Оператинг Инц поседува производствен погон во Алабама, САД.

Целното работење (друштвото **Дура Аутомотиве Стрекчерс ДООЕЛ Илинден** и организирани делови/средства на претпријатија од производствените објекти во Масл Шоалс, Алабама (САД) (моментално во сопственост на **Дус Оператинг Инц**) и Страконице (Чешка) (моментално во сопственост на **ДУРА Аутомотиве ЦЗ, к.с**) припаѓа на капитална групација која е крајно контролирана од МидлГраунд Менаџмент, Л.П. (MiddleGround Management, L.P.), со регистрирано седиште во САД, која е производствена компанија специјализирана во производство на куќишта за

батерии за електрични возила.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**